**20241652915**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 26 став (1) од Законот за фитофармација(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 274/22 и 129/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ/АВТОРИЗАЦИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА НЕОДОБРЕН ФИТОФАРМАЦЕВТСКИ ПРОИЗВОД

Член 1

Со ова решение се одобрува за ограничена и контролирана употреба фитофармацевтскиот производ DEGESH PLATES и DEGESH STRIPS со активна материја магнезиум фосфид од страна на Друштвото за трговија и услуги ЗОТОКС ДООЕЛ, како увозник на производот.

Член 2

Производот од член 1 од ова решение се користи за период од 120 дена од денот на влегувањето во сила на ова решение.

Член 3

Производот од член 1 од ова решение се пласира на пазарот во количини од 3600 плочи или 30 буриња DEGESH PLATES и 144 траки или 24 буриња DEGESH STRIPS.

Член 4

Производот од член 1 од ова решение ќе се применува за фумигација во затворен простор кај следните корисници:

- Сокотаб ДООЕЛ – Битола,
- Алијанс уан Македонија – Кавадарци,
- Пашоски тутунски дилер - Демир Хисар,
- Тутунски комбинат империјал тобако Скопје,
- Секе ДООЕЛ – Крушево,
- Тутунски комбинат - Прилеп и
- Станица за фитозаштита - Прилеп.

Член 5

Во случај на користење на производот од член 1 од ова решение, температурата на тутунот во складиштата треба да биде повисока од 16 °C, концентрацијата да не е помала од 300 ppm, времетраењето на фумигацијата да не е помала од шест дена, а доколку има резистентни тутунски складишни инсекти концентрацијата да биде 700-800 ppm, а времетраењето на фумигацијата се продолжува, но не повеќе од 12 дена.

Член 6

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6715/3
30 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.